РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

До Државната комисија за спречување на корупцијата, доставено е Барање за мислење, со кое од Државната комисија се бара мислење во однос на тоа, дали постои судир на интереси во ситуација кога наведеното лице со Решение за формирање Комисија за одлучување по барањата за денационализација, за општините Битола, Демир Хисар, Прилеп, Крушево, Македонски Брод, Охрид, Струга и Ресен, со седиште во општина Битола донесено од страна на Министерот за финансии е назначен за претседател на Комисија и исто така од страна на Државната изборна комисија со Решение е избран за Генерален секретар на Државната изборна комисија. За вршењето на работните обврски во комисијата за денационализација лицето прима надоместок кој е определен со одлука на министерот за финансии, а составен од месечен паушал на износ од 4.000,00 денари и дополнителен варијабилен износ кој се определува според бројот на донесените акти и според основот на донесените акти.

Државната комисија за спречување на корупцијата согласно член 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/2019) и член 41 – б од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата бр.02-3794/1 од 08.08.2019 година, бр.03-2198/1 од 12.06.2020 година и бр.02-8774/1 од 17.10.2022 година, го издаде следното

**М И С Л Е Њ Е**

Со член 30 од Изборниот законик („Сл. весник на РМ“ бр.40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99,/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18 и 27/19 и „Сл. весник на РСМ“ бр.98/19 и 42/20, 74/21, 215/21, 58/24 и 76/24) е предвиден изборот на генералниот секретар на Државната изборна комисија, условите за избор и неговите надлежностите и тоа:

„(1) Со стручната служба раководи генералниот секретар на Државната изборна комисија.

(2) Генералниот секретар го избира Државната изборна комисија со мнозинство гласови за време од пет години.

(3) Во случај на промена на составот на Државната изборна комисија согласно со членот 27 став (5) од овој законик, во рок од 30 дена од усогласување на составот на Државната изборна комисија се врши избор на нов генерален секретар за преостанатиот временски период од ставот (2) на овој член.

(4) За генерален секретар може да биде избрано лице кое:

- е државјанин на Република Северна Македонија со постојано место на живеење во Република Северна Македонија,
-има завршено високо образование во областа на менаџмент, јавна администрација и други општествени науки,
-не е член на орган на политичка партија,
-има стручно познавање и искуство во областа на менаџмент во јавниот сектор,

**-е од редот на административните службеници од категорија Б, односно од редот на раководните вработени согласно со Законот за административни службеници.**
(5) Генералниот секретар не влегува во составот на Државната изборна комисија и нема право на глас.
(6) Генералниот секретар својата работа ја врши професионално.
(7) Генералниот секретар за својата работа одговара пред претседателот, потпретседателот и членовите на Државната изборна комисија.
(8) За вршење на стручно-административните и организационо-технички работи на Државната изборна комисија, се формира стручна служба на Државната изборна комисија.
(9) **Генералниот секретар и вработените во стручната служба на Државната изборна комисија имаат статус на државни службеници.“**

Согласно член 12 од Законот за денационализација, по барање за денационализација одлучува министерот за финансии, по што истиот може да формира една или повеќе комисии за одлучување по барањата за денационализација (орган за денационализација).

Согласно член 8 став (2) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси: „Под поимот „службено лице“ се подразбираат сите избрани или именувани лица и вработените во јавниот сектор.

Државната комисија го разгледа поднесеното Барање за мислење и извеси дека не е предвидена забрана за конкретен случај со одредбите од Изборниот законик, а од друга страна забраните и ограничувањата за вршење на дополнителни дејности предвидени со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси се однесуваат на избраните и именуваните лица, а не на лице како вработено лице во Државната изборна комисија кое има статус на државен службеник.

Државната комисија укажува и на Начелото на интегритет кое потребно е да се почитува при вршење на службени должности како вработено лице во Државната изборна комисија: „(1) Секој е должен во вршењето на функцијата, јавното овластување и службената должност да постапува совесно, стручно, одговорно, чесно, ефикасно и непристрасно.
(2) Службеното лице во извршувањето на јавните овластувања и должности е должно да ги почитува начелото на законитост, начелото на еднаквост, начелото на јавност, етичките норми и професионалните стандарди, без дискриминација или повластување на кој било со целосно почитување на јавниот интерес.
(3) Службеното лице во вршењето на својата функција е должно да внимава на евентуален судир на интереси и при извршувањето на јавните овластувања и должности не смее да се раководи од лични, семејни, верски, партиски и етнички интереси, ниту од притисоци и ветувања од претпоставениот или од друго лице“.

**Заменик претседател**

**м-р Билјана Каракашова Шулев**

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT